**8 и 9 Октомври**

Македонското Здружение Даме Груев на 8-9 октомври имаше богата работна програма. На 8-ми октомври во просториите на ABF-huset во Стокхолм се одржа информативно предавање за и околу наставата на мајчин јазик во Шведска. Предавањето го одржаа наставниците по мајчин јазик, Тале Трпкоски, Даниела Златановиќ и Јован Дуковски. Интересно е да се спомени дека на предавањето присутни беа повеќе родители, а ученици кои веќе посетуваат настава по мајчин јазик, Сузана Стоиловска и Златка Јанева, прочитаа неколку песни од македонски автори.

Во продолжение на програмата гости ни беа членовите на претседателството на Македонскиот Сојуз, како и повеќе наши поети кои наредниот ден читаа свои песни во просториите на Македонската Амбасада. Тие се сретнаа со претставници на АБФ, а го одржаа и својот редовен состанок. Женскиот актив на Македонскиот Сојуз го одржа својот прв состанок.

Како што споменавме на 9-и октомври беше одржано традиционалното поетско читање во просториите на Македонската Амбасада. И овде нашите ученици прочитаа творби од македонски автори, а по читањето следуваше закуска припремена од членовите на Даме Груев. И овој пат Нашето здружение се покажа како добар организатор и домаќин. Се надеваме дека ова ќе биде поттик за преземање на почести и поголеми активности во здружението.